Бр. 19-1245/3-1
27.12.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 90, став 1, точка 6 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на 3. седница одржана на 27 и 28.12.2021 година, го утврди следниов

# СТАТУТ
# НА ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**(пречистен текст)**

***Основни одредби***

**Член 1**

Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Интеруниверзитетска конференција) е форма на соработка и тело преку кое се усогласуваат прашањата од заедничко значење на акредитираните универзитети во Република Северна Македонија и во чии рамки се одлучува за прашања од нивниот заеднички интерес.

**Член 2**

Членки на Интеруниверзитетската конференција се сите акредитирани универзитети во Република Северна Македонија.

Акредитираните универзитети од став 1 на овој член пристапуваат во состав на Интеруниверзитетската конференција со одлуки донесени од нивните сенати, кои ги доставуваат до Интеруниверзитетската конференција.

Интеруниверзитетската конференција врши верификација на членот/членовите од став 2 на овој член.

***Предмет на уредување***

**Член 3**

Со овој Статут на Интеруниверзитетската конференција се уредува остварувањето на правата и обврските утврдени во Законот за високото образование, меѓународната соработка од заеднички интерес, составот, надлежностите, одлучувањето, организацијата, работата и други прашања од значење за остварување на дејноста на Интеруниверзитетската конференција.

***Назив и седиштеи***

**Член 4**

Полниот назив на Интеруниверзитетската конференција е: Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија.

Скратениот назив е: Интеруниверзитетска конференција.

Седиштето е во Скопје, на бул. „Гоце Делчев“ бр. 9.

***Својство на јавно правно тело***

**Член 5**

Интеруниверзитетската конференција е јавно правно тело со права и обврски определени со закон и со овој Статут.

Интеруниверзитетската конференција е без својство на правно лице.

Интеруниверзитетската конференција има сметка на која се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија, членарината од членките и средствата стекнати од други извори.

Во правниот промет со трети лица, Интеруниверзитетската конференција настапува во свое име и за своја сметка и одговара со средствата од став 3 на овој член.

*Печат*

**Член 6**

Интеруниверзитетската конференција има свој печат.

Печатот на Интеруниверзитетската конференција има форма на круг и е со втиснат грб на Република Северна Македонија во средината, а наоколу е испишан називот: Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија.

*Штембил*

**Член 7**

Штембилот на Интеруниверзитетската конференција е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија, број ______, ____/ ____година.

Штембилот се употребува за архивското работење на Интеруниверзитетската конференција.

*Мирно решавање на споровите*

**Член 8**

Евентуално настанатите спорови помеѓу членовите на Интеруниверзитетската конференција се решаваат со толеранција, спогодбено, во заедничките органи, арбитражно и на друг начин на разбирање.

Доколку спорот не може да се разреши на начин утврден во претходниот став на овој член, претседателот на Интеруниверзитетската конференција формира Совет за посредување, кој учествува и помага во разрешувањето на настанатата состојба.

Советот за посредување е составен од 3 (три) члена од редот на членовите кои не припаѓаат на членките помеѓу кои настанал спорот.

Советот подготвува извештај. Извештајот на Советот се доставува до претседателот, кој го доставува на седница на Интеруниверзитетската конференција.

Ако на седница на Интеруниверзитетската конференција не се прифати извештајот, тогаш Интеруниверзитетската конференција формира арбитража.

Арбитражата е составена од 3 (три) члена од редот на членовите кои не припаѓаат на членките помеѓу кои настанал спорот.

Одлуката на арбитражата е задолжителна за страните помеѓу кои настанал спорот.

При решавањето на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Интеруниверзитетската конференција. Во спротивно, претседателот е должен да свика вонредна седница на Интеруниверзитетската конференција, заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за отстранување на последиците предизвикани од настанатата состојба.

*Заштита од дискриминација*

**Член 9**

Интеруниверзитетската конференција изработува и спроведува политики насочени кон заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста.

На Интеруниверзитетската конференција се забранува секаков облик на директна и индиректна дискриминација и вознемирување.

**Член 10**

Во случај на дискриминација, пријава може да се достави до Интеруниверзитетската ректорска управа, а претседателот за таа намена формира комисија.

Надлежностите на Комисијата од став 1 на овој член, начинот на постапувањето и одлучувањето, како и видовите на одлуки што ги донесува се регулираат со актот за нејзиното основање.

*Автономија на Интеруниверзитетската конференција*

**Член 11**

Интеруниверзитетската конференција го ужива принципот на автономија при вршењето на својата дејност преку:

- автономија во управувањето, која опфаќа самостојно планирање, остварување и развој на дејноста, донесување на општи акти, избор, именување и отповикување на органите, управување и други прашања;
- кадровска автономија, која опфаќа самостојно одлучување за потребата од ангажирање на лица во остварувањето на дејноста;
- финансиска автономија, која опфаќа самостојно управување и располагање со паричните средства и другите материјални права за вршење на дејноста;
- избор на претставници, односно членови во други органи, тела, комисии и сл. во Република Северна Македонија.

Автономијата на Интеруниверзитетската конференција не смее да се применува и толкува на начин кој причинува повреда на човековите права и дискриминација.

*Јавност во работата*

**Член 12**

Работата на Интеруниверзитетската конференција е јавна.

Седниците на органите на Интеруниверзитетската конференција се јавни и достапни за средствата за јавно информирање.

По исклучок, кога на седниците на Интеруниверзитетската конференција се расправа за прашања што претставуваат класифицирана информација согласно со закон, јавноста може да биде изземена.

**Член 13**

За работата на Интеруниверзитетската конференција, за одлуките на органите на Интеруниверзитетската конференција и воопшто за својата дејност, Интеруниверзитетската конференција ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање, како и на друг соодветен начин.

Интеруниверзитетската конференција има своја веб-страница на интернет-мрежата, преку која се обезбедува достапност на релевантните податоци и информации од дејноста и работењето на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 14**

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција, а во негово отсуство лице овластено од претседателот, дава усни известувања преку средствата за јавно информирање, за прашања кои се однесуваат на Интеруниверзитетската конференција.

*Класифицирана информација*

**Член 15**

За класифицирана информација на Интеруниверзитетската конференција се сметаат документи и податоци што се утврдени со посебна одлука или врз основа на закон.

Интеруниверзитетската конференција ги чува како тајни документите и податоците што надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација и кои му ги доставил како

доверливи, а се од областа на одбраната, како и документи од меѓународната соработка, ако се означени како класифицирана информација, а се од посебно општествено-економско значење во согласност со закон.

Член 16

Претседателот или лице овластено од него може да им ги соопшти документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација на други овластени лица.

*Состав на Интеруниверзитетската конференција*

Член 17

Интеруниверзитетската конференција е составена од: ректорите на универзитетите, претседателите на студентските собранија на универзитетите и 20 (дваесет) члена од редот на редовните професори избрани од сенатите на универзитетите со тајно гласање, процентуално застапени според нивното учество во вкупниот број на редовни студенти првпат запишани во студиска година.

Во состав на Интеруниверзитетската конференција, 1 (еден) член се избира од редовите на директорите на самостојните високи стручни школи.

Членот од редот на директорите на самостојните високи стручни школи се избира по пат на договор помеѓу установите од став 2 на овој член.

Бројот на членовите од став 1 на овој член од универзитетите го утврдува Интеруниверзитетската ректорска управа согласно статистичките податоци за вкупниот број прв пат запишани редовни студенти во студиска година на прв циклус студии на универзитетите во Република Северна Македонија, објавени на веб страната на Државниот завод за статистика како последна објава. Конечна одлука донесува тековниот состав на Интеруниверзитетската конференција.

Бројот на членовите согласно ставот 4 од овој член се ревидира на секои 3 (три) години.

Членовите на кои не им е верифициран мандатот од Интеруниверзитетската конференција не се сметаат во кворум за одлучување.

Член 18

Мандатот на ректорите на универзитетите, на директорот на самостојна висока стручна школа и претседателите на студентските собранија на универзитетите како членови на Интеруниверзитетската конференција трае додека трае нивниот мандат, а мандатот на 20-те (дваесетте) члена од редот на редовните професори избрани од сенатите на универзитетите трае 3 (три) години.

Ако во текот на мандатот настане промена на член од редот на редовните професори, мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член.

Член 19

При изборот на членовите на Интеруниверзитетската конференција, универзитетските сенати обезбедуваат застапеност на членовите од различни научноистражувачки полиња: природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, земјоделски и ветеринарни науки, општествени науки и хуманистички науки.

*Претседател на Интеруниверзитетската конференција*

Член 20

Интеруниверзитетската конференција ја претставува и ја застапува претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

Член 21

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција се избира од редот на ректорите на универзитетите, и тоа наизменично од секој универзитет.

Мандатот на претседателот трае 2 (две) години, односно додека му трае функцијата ректор, доколку функцијата ректор му истече пред 2 години од стапувањето на функцијата претседател на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 22**

Во работата на Интеруниверзитетската конференција може да учествуваат проректорите на универзитетите и генералните секретари, како стручни лица, без право на одлучување.

Во работата на Интеруниверзитетската конференција учествува министерот надлежен за работите во високото образование, без право на одлучување.

***Надлежности на Интеруниверзитетската конференција***

**Член 23**

Интеруниверзитетската конференција, на седници, ги врши следниве работи:

- предлага до Собранието на Република Северна Македонија 6 (шест) члена на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик, при што мора да има најмалку по еден член од редот на професорите од секое од шесте научноистражувачки полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, земјоделски и ветеринарни науки, општествени науки и хуманистички науки);
- избира 6 (шест) члена на Одборот за акредитација од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик, при што мора да има најмалку по еден член од редот на професорите од секое од шесте научноистражувачки полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, земјоделски и ветеринарни науки, општествени науки и хуманистички науки);
- избира 6 (шест) члена на Одборот за евалуација од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик, при што мора да има најмалку по еден член од редот на професорите од секое од шесте научноистражувачки полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, земјоделски и ветеринарни науки, општествени науки и хуманистички науки);
- избира и предлага членови на органи и тела согласно со закон, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик;
- утврдува стојалишта и мислења за прашања од заеднички интерес во високото образование;
- донесува Статут со кој се уредува организацијата и работата;
- донесува деловник со кој се уредува начинот на работа и одлучување;
- донесува правилник со кој се уредува содржината и начинот на водење на веб-страницата во согласност со закон;
- донесува програма за работа во мандатниот период и усвојува годишни извештаи за реализација на програмата;
- врши и други работи утврдени со закон, овој Статут и другите нејзини акти.

**Член 24**

Интеруниверзитетската конференција расправа и утврдува ставови и мислења за прашања од надлежност на органите и телата во чија работа учествува со свои претставници (Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, Одборот за акредитација, Одборот за евалуација и други установи, органи и тела).

Интеруниверзитетската конференција врши и други работи од заеднички интерес за сите високообразовни установи во државата.

**Член 25**

Претставниците избрани од Интеруниверзитетската конференција во други установи, органи и тела имаат обврска да ги почитуваат и да се залагаат за реализација на одлуките, заклучоците и ставовите на Интеруниверзитетската конференција и да поднесуваат информации за својата работа во установите, органите и телата во кои се избрани.

**Член 26**

Интеруниверзитетската конференција може да разреши свој претставник избран во друга установа, орган или тело и пред истекот на неговиот мандат (освен ако таква можност не е дадена во согласност со закон) доколку констатира дека тој работи спротивно на одлуките, заклучоците и ставовите утврдени од Интеруниверзитетската конференција.

***Одржување седници***

**Член 27**

Интеруниверзитетската конференција работи и одлучува на седници.

Седниците се одржуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

По правило седниците на Интеруниверзитетската конференција се одржуваат во нејзиното седиште, а може да се одржуваат и во седиштата на универзитетите членки на Интеруниверзитетската конференција.

По одлука на претседателот, седниците може да се одвиваат преку електронска пошта или преку дигитална платформа (конференциска врска), која овозможува двонасочна комуникација без физичко присуство.

**Член 28**

Седниците на Интеруниверзитетската конференција ги свикува и со нив раководи претседателот.

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција, 7 (седум) дена пред одржувањето на седницата, на сите членови и учесници им доставува покана со предлог на дневен ред и со материјали за точките од седницата.

Дневниот ред и материјалите за седниците на Интеруниверзитетската конференција се објавуваат на веб-страницата на Интеруниверзитетската конференција.

По исклучок, претседателот може да ја свика Интеруниверзитетската конференција и во рок покус од 7 (седум) дена, со образложение за причините за свикувањето.

Седницата на Интеруниверзитетската конференција се одржува доколку биде прифатено образложението на причините за нејзиното свикување.

**Член 29**

Интеруниверзитетската конференција може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број членови на Конференцијата.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број присутни членови на седницата.

За одредување на кворумот и мнозинството при одлучувањето се применува одредбата од член 17, став 6 од овој Статут.

**Член 30**

Записниците од седниците и одлуките на Интеруниверзитетската конференција се објавуваат на веб-страницата на Интеруниверзитетската конференција, и задолжително им се доставуваат на сите универзитети кои членуваат во Интеруниверзитетската конференција.

**Член 30-а**

Интеруниверзитетската конференција ставовите и заклучоците ги остварува и преку свои претставници и членови во други установи, органи и тела, во согласност со закон и овој Статут.

***Доставување извештаи за својата работа***

**Член 31**

Интеруниверзитетската конференција за својата работа поднесува годишен извештај до сенатите на универзитетите кои се нејзини членки.

Извештајот се поднесува најдоцна до 1 март следната година и се објавува на веб-страницата на Интеруниверзитетската конференција.

***Интеруниверзитетска ректорска управа***

**Член 32**

Интеруниверзитетската ректорска управа е извршен орган на Интеруниверзитетската конференција.

Интеруниверзитетската ректорска управа ја сочинуваат ректорите на универзитетите.

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција е и претседател на Интеруниверзитетската ректорска управа.

Во работата на Интеруниверзитетската ректорска управа, по потреба, можат да учествуваат проректорите и генералните секретари, без право на одлучување.

**Член 33**

Интеруниверзитетската ректорска управа:

- ги извршува одлуките, заклучоците, ставовите и сл. на Интеруниверзитетската конференција;
- дава мислење на актите за кои одлучува Интеруниверзитетската конференција;
- го утврдува бројот на членови од универзитетите во Интеруниверзитетската конференција согласно член 17 од овој Статут;
- го утврдува бројот на членови од универзитетите во Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, Одборот за акредитација и Одборот за евалуација согласно член 34, став 2 од овој Статут;
- врши други работи за кои ќе биде овластена од Интеруниверзитетската конференција.

Ако мислењето или одлуката за утвдување од став 1 на овој член не бидат дадени до одржување на седницата на која се одлучува за прашањата за кои е предвидено мислење, односно одлука за утврдување од Интеруниверзитетската ректорска управа, Интеруниверзитетската конференција одлучува без мислењето, односно без одлуката за утврдување од став 1 на овој член.

***Начин и постапка за избор на членови во органи и тела***

**Член 34**

За избор на членови од Интеруниверзитетската конференција во Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, Одборот за акредитација и Одборот за евалуација, се објавува јавен повик.

Бројот на членовите од универзитетите во органите од став 1 на овој член го утврдува Интеруниверзитетската ректорска управа според процентуалната застапеност на универзитетите во вкупниот број на редовни студенти првпат запишани во студиска година согласно статистичките податоци за вкупниот број прв пат запишани редовни студенти во студиска година на прв циклус студии на универзитетите во Република Северна Македонија, објавени на веб страната на Државниот завод за статистика како последна објава согласно член 17. Конечна оолука донесува Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик од став 1 на овој член го утврдува и го објавува Интеруниверзитетската конференција на својата веб-страница и во два дневни весника.

Јавниот повик ги содржи условите, бројот на членови што се избираат од универзитетите, потребната документација, рокот за доставување на документацијата и др. работи за спроведување на постапката.

Интеруниверзитетската конференција формира комисија составена од претседателот на Интеруниверзитетската конференција, тројца членови од јавните универзитети, еден член од приватните универзитети, еден член од јавно-приватните универзитети и еден студент.

Комисијата:

1. спроведува постапка за утврдување на исполнетост на условите на пријавените кандидати по објавениот оглас;
2. до Интеруниверзитетската конференција предлага 6 (шест) за Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, 6 (шест) за Одборот за акредитација и 6 (шест) за Одборот за евалуација водејќи сметка за застапеност на сите подрачја.

Кандидатите, покрај документацијата која се бара со конкурсот доставуваат и мотивационо писмо.

Комисијата за избор спроведува интервју со секој пријавен кандидат кој ги исполнува условите во конкурсот.

Кандидатите кои не ја доставиле потребната документација и/или не дошле на интервју се исклучуваат од натамошната постапка.

Кандидатот кој од оправдани причини не можел да дојде на закажаното интервју, Комисијата за избор го презакажува интервјуто само еднаш.

Изборот го врши Интеруниверзитетската конференција со тајно гласање согласно со член 29 од овој Статут.

Доколку при изборот некој од предложените кандидати не добие доволен број гласови за избор, Комисијата предлага друг, односно други членови од универзитетите од кои е предложен кандидатот кој не е избран или јавниот повик се повторува.

**Член 34 - а**

За избор на членови во други органи, тела, комисии и сл., Интеруниверзитетската конференција, веднаш по приемот на барањето, по електронски пат утврдува и објавува јавен повик.

Изборот, на предлог на Комисијата од член 34 од овој Статут, го врши Интеруниверзитетската конференција.

Изборот може да се врши со физичко присуство или по електронски пат.

Доколку при изборот некој од предложените кандидати не добие доволен број гласови за избор, Комисијата за избор предлага друг, односно други членови или јавниот повик се повторува.

***Права и обврски на членовите на Интеруниверзитетската конференција***

**Член 35**

Членовите на Интеруниверзитетската конференција имаат право и должност да присуствуваат на седниците на Интеруниверзитетската конференција и да учествуваат во нејзината работа.

Член на Интеруниверзитетската конференција кој е спречен да присуствува на седницата, должен е за тоа благовремено да извести.

Членовите на Интеруниверзитетската конференција можат да присуствуваат и на седниците на другите работни тела и комисии, како и да учествуваат во нивната работа, но без право на одлучување.

### Член 36

Членовите на Интеруниверзитетската конференција имаат право и должност да поднесуваат предлог-одлуки и други акти што ги донесува Интеруниверзитетската конференција, како и да учествуваат во претресот на предлог-одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седницата.

### Член 37

Членовите на Интеруниверзитетската конференција имаат право и должност да гласаат.

Членовите на Интеруниверзитетската конференција имаат право да избираат и да бидат избрани во други органи и тела.

### Член 38

Членовите на Интеруниверзитетската конференција се должни активно да ја вршат својата функција.

***Комисии и работни тела***

### Член 39

Со цел да обезбеди поефикасно извршување на задачите од својот делокруг, Интеруниверзитетската конференција може да формира комисии и други работни тела.

***Материјални и организациони прашања***

### Член 40

Интеруниверзитетската конференција има сопствен буџет.

Средствата за трошоците за работата на Интеруниверзитетската конференција и за нејзините органи, комисии и работни тела и за извршување на стручно-административните работи се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, членарината од членките и од други извори.

Висината на членарината од ставот 1 на овој член ја утврдува Интеруниверзитетската конференција.

Висината на членарината се определува пропорционално според процентната застапеност на универзитетите во вкупниот број на редовни студенти првпат запишани во студиска година согласно статистичките податоци за вкупниот број прв пат запишани редовни студенти во студиска година на прв циклус студии на универзитетите во Република Северна Македонија, објавени на веб страната на Државниот завод за статистика како последна објава согласно член 17. Конечна одлука донесува Интеруниверзитетската конференција.

Универзитетите се должни редовно да ја плаќаат членарината од став 2 на овој член.

### Член 41

На членовите на Интеруниверзитетската конференција им се исплаќа надоместок за присуство на седница.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја утврдува Интеруниверзитетската ректорска управа.

### Член 42

Претседателот ги потпишува и документите за финансиско работење на Интеруниверзитетската конференција.

Стручните, административните и техничките работи поврзани со работата на Интеруниверзитетската конференција, со надоместок, ќе ги врши Централната стручна и административна служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За одредени стручни, административни и технички работи можат да бидат ангажирани и лица од стручните служби на универзитетите кои се членки на Интеруниверзитетската конференција.

Лицата што ќе ги вршат стручните, административните и техничките работи, како и висината на надоместокот, со посебно решение ќе ги одреди претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

***Употреба на јазиците***

**Член 42 - а**

Членот на Интеруниверзитетската конференција кој зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, на негово барање, може употребата, комуникацијата и постапките да се одвиваат на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и неговото писмо.

***Преодни и завршни одредби***

**Член 43**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Интеруниверзитетската конференција.

**Член 44**

Мандатот на членовите на Интеруниверзитетската конференција, избрани пред влегувањето во сила на овој Статут, им трае до истекот на времето за кое се избрани.

**Член 45**

Избраниот претседател на Интеруниверзитетската конференција, до влегувањето во сила на овој Статут, продолжува да ја врши функцијата за мандатот за кој е избран.

**Член 46**

Лицата избрани во органите и телата на Интеруниверзитетската конференција и во органите и телата во Република Северна Македонија кои се избрани до влегувањето во сила на овој Статут, продолжуваат да ја вршат функцијата за мандатот за кој се избрани.

**Член 47**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-536 од 17.10.2005 година.

**Член 48**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**

**Проф. д-р Сашо Коруновски**

***Пречистениот текст го содржи:***

- Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година
- Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година